Врз основа на член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 110/19,154/19 и 121/24), член 90 став 2 од Законот за заштита на личните податоци („Сл. весник на РСМ“ бр. 42/20 и 294/21) и член 4 од Правилникот за содржината и формата на актот за начинот на вршење на видеонадзорот („Сл. весник на Република Северна Македонија“ бр.122/20, 280/21 и 183/22 година) и Правилникот за содржината на анализата на целта, односно целите за која се поставува видеонадзорот и извештајот од извршена периодична оценка на постигнатите резултати од системот за вршење видеонадзор („Сл. весник на Република Северна Македонија") бр. 122/20 и 83/22), директорот на Државниот архив на Република Северна Македонија на ден 29.11.2024 година, донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ ВИДЕОНАДЗОР ВО ДРЖАВНИОТ АРХИВ

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува начинот на вршење видеонадзор во службените простории на Државниот архив.

**Член 2**

Видеонадзорот во службените простории на Државниот архив се врши заради:

- безбедност на објектите
- обезбедување контрола над влегувањето и излегувањето од службените простории и канцелариите
- заштита на сопственоста и
- заштита на животот и здрављето на вработените поради природата на работата.

**Член 3**

Под службени простории на Државниот архив во смисла на овој правилник се сметаат сите простории на Државниот архив заедно со подрачните одделенија кои се наоѓаат на повеќе локации, и тоа:

- Државен архив - централен дел, адреса: Кеј Димитар Влахов бр.19, Скопје
- Депо на адреса: Глигор Прличев бр.3, Скопје
- Одделение за средување и обработка на архивски материјал стар и нов период – Битола, адреса: бул. „Први Мај“ бр. 55, 7000 Битола

- Одделение за средување и обработка на архивски материјал стар и нов период – Велес, адреса: ул. „Наум Наумовски“ бб, 1400 Велес
- Одделение за средување и обработка на архивски материјал стар и нов период – Куманово, адреса: бул. „III Македонска ударна бригада“ бр. 20, 1300 Куманово
- Одделение за средување и обработка на архивски материјал стар и нов период – Охрид, адреса: ул. „Никола Карев“ бр. 6, 6000 Охрид
- Одделение за средување и обработка на архивски материјал стар и нов период – Прилеп, адреса: ул. „Александар Македонски“ бр. 134, 7500 Прилеп
- Одделение за средување и обработка на архивски материјал стар и нов период – Скопје, адреса: ул. „Московска“ бр. 1, 1000 Скопје
- Одделение за средување и обработка на архивски материјал стар и нов период – Струмица, адреса: ул. „27 Март“ бр. 2, 2400 Струмица
- Одделение за средување и обработка на архивски материјал стар и нов период – Тетово, адреса: ул. „Цветан Димов“ бр. 1, 1200 Тетово
- Одделение за средување и обработка на архивски материјал стар и нов период – Штип, адреса: ул. „Сане Георгиев“ бр.35, 2000 Штип

**Член 4**

Видеонадзорот се врши со дигитални камери, уреди за снимање, софтвер за управување со системот за видеонадзор и работни станици.

Работните станици за пристап се сместени до Архивата на осми кат до самиот влез на ул. Кеј Димитар Влахов бр.19 , Државен архив – централен дел Скопје.

Техничката спецификација на опремата со која ќе се врши видеонадзор содржи податоци за техничките карактеристики на камерите, снимачите и работните станици со кои се пристапува до системот за видеонадзор.

**Член 5**

Камерите се поставуваат на влезовите и излезите на службените простории на Државниот архив така што видеонадзорот нема да овозможи увид во документите или податоците што се обработуваат во службените простории.

Покрај местата од ставот 1 на овој член, камери се поставуваат во службени холови на Државниот архив, каде што со оглед на природата на работата неопходно е дополнителна заштита на вработените, информациите, податоците, материјалите и средствата во согласност со закон.

Камерите од ставот 1 на овој член, вршат 24-часовно снимање на влезовите и излезите на службените простории во Државниот архив, како и на дел од надворешниот безбедносен периметар на службените простории на Државниот архив и тоа само за остварување на целите на видеонадзорот утврдени во член 2 од овој правилник.

За камерите од ставот 1 на овој правилник, се поставува известување пред влезот во службените простории дека се врши видеонадзор, називот на Државниот архив и контакт податоци преку кои можат да се добијат информации за тоа каде и колку време се чуваат снимките од системот за видеонадзорот.

Известувањето од став 4 на овој член е дадено на Образец број 1, кој е составен дел на овој правилник.

**Член 6**

Државниот архив обезбедува соодветни технички и организациски мерки за безбедност на обработката на личните податоци преку системот за видеонадзор, и тоа:

- единствено корисничко име и лозинка креирана за секое лице овластено од директорот на Државниот архив, со должина и комплексност согласно современите препораки за користената технологија, која овозможува пристап на овластеното лице до системот за видеонадзор во целина и/или на поединечен посебен софтвер потребен за извршување на неговата работа;
- администраторот на системот за видеонадзор, овластен од директорот на Државниот архив, ги доделува, менува или одзема привилегиите на авторизираниот пристап до системот за видеонадзор;
- системот за видеонадзор овозможува водење евиденција за овластените лица кои имаат авторизиран пристап до системот, како и воспоставување постапки за идентификација и проверка на авторизираниот пристап;
- автоматизирано отфрлање од системот за видеонадзор по три неуспешни обиди за најавување (внесување погрешно корисничко име или лозинка) и автоматизирано известување на овластеното лице дека треба да се побара инструкција од администраторот на системот за видеонадзор.

**Член 7**

Предмет на обработка со видеонадзорот се само слики фатени на камерите, при што не се врши тонско снимање.

Личните податоци добиени преку системот на видеонадзор се користат исклучиво за целите за кои е поставен видеонадзорот.

Системот за видеонадзор не се користи за ниту една друга цел, како на пример да се следи работата на вработените или нивното присуство. Видеокамерите се поставени така што не го покриваат околниот јавен простор. Камерите имаат за цел да дадат општ преглед на она што се случува на одредени места, но не и да се препознаат лица.

Системот за видеонадзор исто така не се користи како истражна алатка или за да се добијат докази при внатрешни истраги или дисциплински постапки, освен ако не е во прашање безбедносен инцидент заради кој е воспоставен видеонадзорот во согласност со Законот за заштита на личните податоци. (Во

исклучителни околности, податоците може да бидат пренесени до истражните органи во рамките на формална дисциплинска или кривична истрага).

Овластените лица треба да се обучени за вршење видеонадзор, да поседуваат соодветен безбедносен сертификат и да имаат потпишано изјава за тајност и заштита на обработката на личните податоци преку вршење видеонадзор.

Изјавата е дадена на Образец број 2, кој е составен дел на овој правилник.

Пристап до приказот на настанот што се емитува на мониторот може да се оствари од страна на овластено лице со користење единствено корисничко име и лозинка.

За секој пристап до снимката која се емитува на мониторот се создава запис за пристапот.

До податоците, односно видеозаписите пристап има само директорот на Државниот архив или со овластување од негова страна и други овластени лица.

**Член 8**

За пристапот и увидот до личните податоци обработени преку системот за вршење видеонадзор, Државниот архив задолжително води евиденција која особено ги содржи следните податоци:

- име и презиме на овластеното лице;
- датум и време на пристапување;
- цел за пристапување;
- датум и час на направената снимка до која се пристапува;
- датум и време, назив и седиште на корисникот на кого му е дадена снимката од видеонадзорот;
- вид на медиумот на кој е содржана снимката од видеонадзорот;
- број на барање за пристап, односно увид до личните податоци обработени преку системот за видеонадзор

Евиденцијата е дадена на Образец број 3, која е составен дел на овој правилник.

**Член 9**

Претходно снимениот материјал од камерите се чува на хард дискот на уредот за снимање.

Уредот за снимање се наоѓа во просторија со ограничен и контролиран пристап.

Претходно снимениот материјал се брише автоматски по истекот на 30 дена од денот на извршеното снимање.

Претходно снимениот материјал софтверски е заклучен.

**Член 10**

Прегледување на снимениот материјал (записи) во централната компјутерска единица (компјутер) за видеонадзор и увид во архивата може да се врши само врз основа на писмено одобрение од директорот кое е рачно потпишано и заверено во архива со архивски број или по барање доставено од Министерството за внатрешни работи и други надлежни органи со поднесување писмено барање до Државниот архив.

Во барањето од став 1 од овој член задолжително се наведува причината и законскиот основ поради кои се бара прегледувањето на снимениот материјал.

**Член 11**

Организациска единица за чии потреби се воспоставува системот за видеонадзор врши анализа на целта, односно целите за која се поставува видеонадзорот, пред почнување на процесот за воспоставување систем за вршење видеонадзор. Анализата на целта за вршење видеонадзор се доставува на мислење до офицерот за заштита на личните податоци во Државниот архив.

Врз основа на изготвената анализа од ставот 1 на овој член, а по добиеното мислење од офицерот за заштита на личните податоци, Директорот на Државниот архив донесува одлука по однос на воспоставувањето систем за вршење видеонадзор.

Офицерот за заштита на личните податоци врши периодична контрола на постигнатите резултати од системот за вршење видеонадзор на секои две години.

**Член12**

Овој правилник влегува во сила од денот на неговото донесување и ќе се објави на веб-страницата на Државниот архив.

Изготвила: м-р Ирена Пејковска
Контролирала: Бојана Куноска
Одобрил: м-р Сашо Јанкуловски

**ДИРЕКТОР**
**д-р Наташа Котлар-Трајкова**

**ЕВИДЕНЦИЈА**

**за лица овластени за вршење обработка на личните податоци**

**во Државниот архив**

| Бр. | Име и презиме на овластеното лице | Датум на издавање на овластувањето | Рок на важење на овластувањето | Обем на овластувањето за пристап до личните податоци | Начин на пристап |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | | | | |
| 2 | | | | | |
| 3 | | | | | |
| 4 | | | | | |
| 5 | | | | | |
| 6 | | | | | |
| 7 | | | | | |

Контролирал,

Скопје, датум

Врз основа на одредбите од Законот за заштита на личните податоци (Службен весник на Република Северна Македонија бр.42/20) и Правилникот за безбедност на обработка на личните податоци (Службен весник на Република Северна Македонија бр.122/20) ја давам следната

**ИЗЈАВА**

**За обезбедување безбедност на обработката на личните податоци**

**преку системот за вршење видеонадзор**

Јас долупотпишаниот/ната, ______________________________ (име и презиме) ____________________________________________________________ (работно место)

во секторот/одделението за ____________________________, во Државниот архив, во согласност со одредбите од Правилникот за безбедност на обработка на личните податоци и документацијата за технички и организациски мерки за обезбедување безбедност на обработката на личните податоци во Државниот архив се обврзувам дека:

• Ќе ги почитувам начелата за заштита на личните податоци;
• Ќе ги применувам техничките и организациските мерки за обезбедување безбедност на обработката на личните податоци и ќе ги чувам како доверливи личните податоци, како и мерките за нивна заштита;
• Ќе вршам обработка на личните податоци во согласност со упатствата добиени од
Државниот архив;
• На трети лица надвор од Државниот архив и на други лица од Државниот архив нема да издавам каков било податок од збирките на лични податоци или каков било друг личен податок кој ми е достапен и кој сум го дознал или ќе го дознам при работата во Државниот архив.

Образец бр.3 Известување за вршење на видео надзор[1]




Дополнителни информации ќе најдете:

- Преку известување
- На пријавница/ рецепција/ инфо пулт
- На интернет (www)...

**Назив на контролорот и каде е применливо назив на претставникот на контролорот:**

**Контакт информации:**

**Контакт информациите за офицерот за заштита на личните податоци (доколку е определен):**

**Информации што го засегаат субјектот на личните податоци (период на чување или следење во реално време, објавување или пренесување на видео снимките на трети страни):**

**Цел, односно цели за вршење на видео надзорот:**

**<u>Права на субјектите на лични податоци</u>:** Како субјект на личните податоци можете да остварите повеќе права, особено право да пристапите или да барате да се избришат вашите лични податоци.
Повеќе детали за видео надзорот и за вашите права може да најдете од информациите наведени од контролорот преку опциите наведени во левиот агол.

[1] **Забелешка** *Информациите мора да бидат бесплатни, во транспарентна, разбирлива и лесно достапна форма, напишана на едноставен јазик. Ова известување треба да биде отпечатено на А4 формат*

## ИЗЈАВА

## ЗА ПРИВАТНОСТ ПРИ ВРШЕЊЕ ВИДЕОНАДЗОР

Оваа Изјава за приватност го објаснува видот на лични податоци што Државниот архив (во натамошниот текст: Контролор), ги собира од вас при посета на службените/деловните простории и како Контролорот ги користи овие податоци.

1. **Зошто собираме (обработуваме) лични податоци?**

Контролорот собира лични податоци преку системот за видеонадзор од следните причини (цели):

- да се контролира пристапот до објектот (зграда, влез, простории..) и да се обезбеди сигурност на објектот, безбедноста на вработените во Контролорот и посетителите, како и на имот и информациите кои се лоцирани или се чуваат во просториите;
- за да се спречи, одврати и доколку е потребно, да се испита неовластен физички пристап, вклучително и неовластен пристап до безбедносни и заштитени простории, ИТ-инфраструктура или оперативни информации и
- да се спречи, открие и да се испита кражба на опремата или средства во сопственост на Контролорот, посетителите или вработените, или закани по безбедноста на објектите и персоналот кој работи во просториите (на пример: пожар, физички напад).

Системот за видеонадзор не се користи за ниту една друга цел, како на пример да се следи работата на вработените или нивното присуство. Видеокамерите се поставени така што не го покриваат околниот јавен простор. Камерите имаат за цел да дадат општ преглед на она што се случува на одредени места, но не и да се препознаат лица. Системот за видеонадзор исто така не се користи како истражна алатка или за да се добијат докази при внатрешни истраги или дисциплински постапки, освен ако не е во прашање безбедносен инцидент заради кој е воспоставен видеонадзорот во согласност со Законот за заштита на личните податоци. (Во исклучителни околности, податоците може да бидат пренесени до истражните органи во рамките на формална дисциплинска или кривична истрага).

Камерите за видеонадзор се инсталираат и се поставени и фокусирани така што се снимаат само лица кои ќе пристапат до службените/деловните простории (влезот на Државниот архив), вклучително и имотот (на пример, за паркирање).

2. **Какви податоци собира Контролорот?**

Контролорот собира само слики фатени на камерите, при што не се врши тонско снимање.

3. **Кој е одговорен за обработка на податоците?**

Контролорот е субјект кое ја врши обработката на личните податоци и кое ги утврдува целите на обработка, единствено во согласност со Законот за заштита на личните податоци.

4. **Кој е правниот основ за обработка на личните податоци преку системот за видеонадзор?**

Контролорот користи опрема за видеонадзор за (да се наведе една или повеќе од наведените цели):

- безбедност на објектите
- обезбедување контрола над влегувањето и излегувањето од службените или деловните простории
- заштита на сопственоста и
- заштита на животот и здравјето на вработените поради природата на работата;

Затоа, обработката се врши според член 90 од Законот за заштита на личните податоци.

Покрај тоа, на влезот на Државниот архив, има видливо и јасно истакнато известување за видеонадзорот кое им овозможува на субјектите на лични податоци да се запознаат со вршењето на видеонадзорот, како и за називот на контролорот кој го врши видеонадзорот и за начинот на кој може да се добијат информации за тоа каде и колку време се чуваат снимките од системот за видеонадзор.

5. **Кој може да ги види моите лични податоци?**

До видеозаписите може да се пристапи само од страна на овластените лица за видеонадзор кои се надлежни за водење евиденција на лица кои влегуваат и излегуваат од просториите на Државниот архив. Пристапот до дигиталниот уред или дискот на кој се чуваат видеозаписите е ограничен, заштитен со примена на технички мерки за безбедност на податоците (лозинка, запис за секој настан или акција од вработените, односно овластените лица). До податоците, односно видеозаписите не може да се пристапи без овластување од директорот на Државниот архив.

6. **Како да ги контролирате вашите податоци?**

Може да пратите барање до Државниот архив Скопје.

7. **Можам ли да пристапам до моите податоци?**

Вие имате право да пристапите до вашите податоци во секое време и бесплатно, со праќање барање до Државниот архив Скопје, или преку е-пошта до: contact@arhiv.gov.mk

8. **Можам ли да ги менувам моите податоци?**

Не е дозволено менување на видеозаписот за видеонадзор.

9. **Може ли да побарам ограничување на обработката на моите податоци?**

Вие имате право да ја ограничите обработката на вашите лични податоци во секое време со праќање барање до Државниот архив Скопје, кога ја оспорувате точноста на вашите лични податоци, или кога на Контролорот веќе не му се потребни податоците за извршување на неговите задачи. Вие исто така можете да ја блокирате обработка и кога работењето е незаконско и вие се спротивставувате на бришење на податоците. Сепак, блокирањето не е можно во секој случај на службена истрага.

10. **Дали можам да ги избришам моите податоци?**

Вие имате право да ги избришете вашите податоци во секое време со праќање барање на официјалната електронска адреса contact@arhiv.gov.mk или пак седиштето на Државниот архив, кога обработката е незаконска.

## 11. Дали се споделуваат моите лични податоци со други лица?

Вашите податоци се чуваат во Контролорот, освен ако не побарате од Контролорот или пак дадете согласност тие да бидат споделени. Во случај на споделување на вашите податоци со трети страни, ќе бидете известени на кого се откриени, за која цел и врз кој законски основ.

## 12. Дали имам право на приговор?

Да, имате право на приговор и да се спротивставите на обработката во кое било време со праќање барање на официјалната електронска адреса contact@arhiv.gov.mk или пак до седиштето на Државниот архив, кога имате легитимни причини во врска со вашата конкретна ситуација. Контролорот ќе постапи по вашето барање во рок од 15 дена од денот на поднесување на барањето.

## 13. Што можам да направам во случај на проблем?

а) Првиот чекор е да го известите Контролорот со праќање е-пошта до contact@arhiv.gov.mk и да побарате да преземе акција.

б) Вториот чекор, ако не добиете одговор од нас или ако не сте задоволни од тоа, контактирајте со нашиот офицер за заштита на личните податоци.

в) Во секое време можете да поднесете барање до Агенцијата за заштита на личните податоци www.azlp.mk, која ќе постапи по вашето барање и ќе ги донесе потребните мерки.

## 14. Кога ќе почне обработката на моите лични податоци преку системот за видеонадзор?

Обработката почнува во моментот кога ќе ги посетите просториите на Контролорот.

## 15. Безбедност на личните податоци

Контролорот е посветен на заштита на вашите лични податоци. Затоа, користи безбедносни технологии и процедури со кои се заштитуваат вашите лични податоци пред сè од неовластен пристап, употреба или откривање. Ние ги чуваме вашите податоци на компјутерски системи со ограничен пристап и во контролирана околина.

## 16. Колку долго ги чуваме вашите податоци?

Контролорот ќе ги чува вашите лични податоци 30 календарски денови по вашата посета во нашите простории, по што сите снимени видеозаписи автоматски се бришат.